# Задржување од имиграциски причини во Северна Македонија

**Јануари - Декември 2024**

**Задржување од имиграциски причини во Северна Македонија, Јануари - Декември 2024**

**Издавач**: Македонско здружение на млади правници
**Уредник**: Теодора Ќосева Костадиновска
**Автор**: Јана Иванова

Скопје, Мај 2025

1. ВОВЕД

Имајќи ја предвид нејзината територијална поставеност, Република Северна Македонија и во 2024 година беше земја низ која транзитираа голем број од лицата во движење. Лицата продолжија да користат криумчарски услуги и да преминуваат граници на нерегуларен начин. Во текот на овие движења дел од лицата во движење беа задржани од имиграциски причини. Ваквото задржување во некои случаи претставува кршење на нивните основни права кои произлегуваат од домашното и меѓународното право.

Во извештајната година, Прифатниот центар за странци редовно беше посетуван од страна на претставници на МЗМП, по два пати во една седмица со цел пружање бесплатна правна помош во однос на правото на азил во нашата земја. Дополнително беа остварувани посети при вонредни потреби. Сепак, пристапот за комуникација со лицата заради нивно запознавање со нивните права и правните механизми, беше ограничен. Така, МЗМП имаше можност да информира само мал дел на лица задржани во центарот за правото на азил. Задржаните лица сè уште немаа пристап до правна помош во однос на самото задржување во центарот.

Извештајот содржи информации за профилот на лицата кои биле задржани, нивната националност, основот за задржување и ограничување на слободата на движење во постапката за азил. Опфатените податоци и споменатите предизвици, имаат за цел да послужат како појдовна точка во потенцијалните процеси за подобрување на заштитата на правата на лицата кои се засегнати од задржувањето поради имиграциски причини.

Сите податоци прикажани во овој извештај се базираат на јавно достапни и добиени информации, но и на податоците за лицата кои се задржани во Прифатниот центар за странци, поретко и во транзитниот центар Табановце, до кои МЗМП има пристап.

## 2. ЗАДРЖУВАЊЕ ВО ПРИФАТНИОТ ЦЕНТР ЗА СТРАНЦИ

Во Законот за странците[1] се уредува можноста на задржување на странец. Пропишаниот рок за привремено задржување на странец е 24 часа, заради обезбедување во постапката на за негово отстранување. Странецот, мора веднаш да биде известен за причините за задржувањето и за можноста да го информира дипломатскоконзуларното претставништво на државата чиј државјанин е, да оствари контакт со правен застапник и членови на неговото семејство.[2] Како место каде би се задржувале странците случаи во кои не е можно да се изврши депортацијата во предвидениот рок од 24 часа, Законот за странци во членот 159 го одредува Прифатниот центар за странци на Министерството за внатрешни работи.[3] Основите за задржување на странецот во овој центар се неколку: 1) доколку незаконски престојува на територијата на РСМ, а не е донесена одлука за враќање поради ризик од бегство или кога ја избегнува или попречува постапката за враќање; 2) доколку е одлучено странецот да се врати, а не поседува валидна патна исправа поради што не може доброволно да ја напушти РСМ и 3) доколку за барател на азил е донесена одлука за ограничување на слободата на движење согласно со закон.

**Во 2024 година, вкупно 289 странци беа задржани во Прифатниот центар за странци. Во споредба со вкупниот број на задржани лица од минатата година,[4] извештајниот период бележи пад од 47%.**

---

[1] „Службен весник на Република Македонија“ бр. 97/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 108/19, 294/21 и 284/23

[2] Ibid., чл.158 ст.1 и 2

[3] Ibid., чл.159

[4] Македонско здружение на млади правници. (2024) *Задржување од имиграциски причини, јануари – декември 2023 година* [Online]. Достапно на: [Detention MKD 2023]




Од вкупниот број на 289 задржани лица во Прифатниот центар за странци, најголемиот број се мажи (194), па следи бројот на задржани жени (58). Вкупно 37 деца биле задржани во центарот, од кои 21 биле непридружувани, а 16 во придружба на родител или старател. Најголем број од лицата се со потекло од Сирија, Турција, Кина, Непал и Ирак.

МЗМП не поседува информации дали за сите задржани лица било изготвено решение за задржување во Прифатниот центар за странци. Исто, не е достапна информацијата за формалниот основот врз кои се задржани поголем број од лицата. Сепак, од она што е забележано, практиката на задржување на лица – странци кои имаат улога на сведок во кривична постапка против криумчарите, продолжи и оваа година. Иако голем број од лицата де факто се задржани врз овој основ, сепак во решението е наведено дека се задржани за утврдување на нивниот идентитет. Ваквото незаконско задржување на лицата во движење како загрижувачка појава е нотирано и во извештајот на Европската Комисија за прогресот на Северна Македонија во 2024. Во овој извештај е наведено и дека недостасува ефикасна судска контрола врз случаите на притвор, а притворените мигранти имаат корист само од правно советување и помош во постапката за азил.[5]

[5] Извештај на Европската Комисија за прогресот на Северна Македонија во 2024 година, страна 46, достапен на https://enlargement.ec.europa.eu/document/download/5f0c9185-ce46-46fc-bf44-82318ab47e88_en?filename=North%20Macedonia%20Report%202024.pdf

Во 2024 година забележано е дека времето на задржување на лица како сведоци во кривичната постапка против криумчарите е значително намалено и најчесто овие лица се процесираат во рок од 24 до 48 часа.




**Во 2024 година, во Република Северна Македонија биле поднесени 334 барања за признавање на правото на меѓународна заштита, а 145 од нив биле поднесени во Прифатниот центар за странци.**

Европската служа за гранична и крајбрежна страна – Frontex и Република Северна Македонија, во април 2023 година започнаа заедничка операција со која Европските гранични служби поддржани од локалните власти спроведуваат мониторинг и гранична контрола, која вклучува патролирање, проверка на документи и собирање на информации за прекуграничниот криминал. Европската служба Frontex во текот на целата 2024 година беше присутна на македонско – грчката граница и оствари импакт врз борбата против криминалот и менаџирањето на нерегуларната миграција. Дополнително, со влијанието на Frontex, практиката на задржување на лицата во движење како сведоци во кривична постапка против криумчарите во ТЦ Винојуг и ТЦ Табановце се измени и наместо во транзитните центри, најголем дел се задржуваа во Прифатниот центар за странци.

Во 2024 година, МЗМП оствари 86 посети во Прифатниот центар за странци и имаше можност да разговара со 7 лица. Најголем број од лицата се задржани со цел да бидат сведоци во кривична постапка против криумчарот и со оглед на тоа, потребно е тие да дадат исказ пред надлежен јавен обвинител. Најчесто на претставниците од МЗМП не им беше дозволено да се оствари контакт и да се даде правна помош на задржаните лица, сè додека не го дадат исказот пред јавниот обвинител и/или не

бидат изведени пред надлежен суд. Поради тоа, реферираниот број на задржани лица на кои претстваници на МЗМП дале правна помош и совет, е низок. Со дел од лицата за кои постоеше индикација дека е можно да се потенцијални жртви на трговија со луѓе, МЗМП пружи правна помош во однос на потенцијалните ризици за трговија со луѓе и правна помош за пријавување на евентуална експлоатација. Еден случај беше директно рефериран до Националниот механизам за упатување на жртви на трговија со луѓе.




Во декември, 2024 година, раководното тело на Прифатниот центар за странци изнесе став дека во центарот нема веќе да бидат задржувани непридружувани малолетници, чие задржување е имплицирано од потребата од сведочење во кривична постапка. Ова е значајна позитивна измена на полето на задржување на лица во движење.

Во извештајниот период било донесено 251 решение за присилно протерување на странци, а 163 од решенијата биле спроведени. Додатно, согласно договорите за реадмисија, едно лице беше депортирано во неговата земја на потекло – Република Босна и Херцеговина.

Во текот на годината, спроведени се две истраги за кривични дела, регулирани со член 418-б - Криумчарење на мигранти и член 418-в - Организирање на група и поттикнување на извршување на делата трговија со луѓе трговија со малолетно лице и криумчарење на мигранти, од Кривичниот законик на РСМ. Едната од истрагите е проактивна и сузбиена е меѓународна криминална група. Поднесени се 2 кривични

пријави против 20 лица, од кои 19 се со македонско, а едно лице со српско државјанство.

Што се однесува до кривичното дело од член 418-б - Криумчарење на мигранти, регистрирани се 60 кривични дела. Преземени се мерки на кривичен прогон против 78 лица, од кои 23 се странски државјани, сите полнолетни мажи со исклучок на една жена и две деца.

За кривичното дело од член 418-г – Трговија со малолетно лице, став 2, се поднесени две кривични пријави, против две полнолетни машки лица, кои жртвите ги принудувале на сексуална експлоатација.

3. ЗАДРЖУВАЊЕ ВО ТРАНЗИТНИТЕ ЦЕНТРИ

Статусот на транзитните центри и оваа година остана недефиниран. Фунционирањето на двата транзитни центри не е законски регулирано, а со тоа не е регулирано ниту постапувањето со лицата во движење кои се сместуваат таму. Почитувањето на основните човекови права како минимум стандард кој треба да биде обезбеден останува нејасен, а механизмите за заштита во случај на евентуални прекршувања на основните човекови – непостоечки.

- **ТЦ Винојуг**

По воспоставеното присуство на Европската служа за гранична и крајбрежна страна Frontex во ТЦ Винојуг, или поточно од април 2023 година, практиката на задржување на лица во овој транзитен центар, престана. Така, во ТЦ Винојуг во 2024 година не беше задржано ниту едно лице.

- **ТЦ Табановце**

Во текот на извештајниот период беа забележани приближно 40 случаи на задржување на лица во движење во ТЦ Табановце. Задржувањата вклучуваат поединечни и групни случаи од Авганистан, Кина, Сирија и Непал, со присуство на жени и малолетници. Меѓу задржаните лица беа евидентирани и три непридружувани малолетни машки деца од Сирија. Според достапните информации, овие лица во движење најчесто се обидуваат со помош на криумчари да транзитираат низ територијата на Северна Македонија кон Грција.

Приближната бројка на 40 задржувања во реферираниот период, бележи евидентно намалување, во однос на задржувањата забележани во 2023 година, кога вкупниот број на задржани лица беше 64.

Со оглед на фактот што ТЦ Табановце е центар од отворен тип (иако правно непотврдено и нерегулирано) и согласно неговата намена, не е прилагоден за задржување на лица. Сепак, во практика, и покрај неговата намена, некои лица во движење се задржуваа како сведоци во кривична постапка или по некои други основи. Задржаните лица по приведувањето од страна на полицијата привремено се сместуваат во посебна просторија во рамки на транзитниот центар и се под постојан надзор од полициски службеници, која претходно била користена како канцеларија. Откако ќе се спроведат во јавно обвинителство, лицата се враќаат во Центарот, каде се регистрираат и се сместуваат. Времетраењето на задржувањето обично не надминува три дена.

## 4. ОГРАНИЧУВАЊЕ НА СЛОБОДА НА ДВИЖЕЊЕ ВО ПОСТАПКИТЕ ЗА АЗИЛ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Во Законот за меѓународна и привремена заштита (ЗМПЗ), постојат одредби со кои се предвидува можност за ограничување на слободата на движење на баратели на азил во рок од три месеци со одлука донесена од страна на Министерството за внатрешни работи.[6]

Слободата на движење може да биде ограничена преку некоја од двете понудени мерки. Првата е преку ограничување на движењето надвор од Прифатниот центар за баратели на азил или друго место за сместување определено од Министерството за социјална политика, демографија и млади. Втората се однесува на сместување во Прифатниот центар за странци, кое е најчесто користено место каде што се сместени лицата на кои им е ограничена слободата на движење.[7]

**Во текот на 2024 година не биле донесени одлуки за ограничување на слободата на движење за баратели на азил, исто како и претходната 2023 година.**

Согласно Член 12 од Уставот на Република Северна Македонија, судот треба да донесе одлука за ограничување на слободата.[8] Во истиот член е наведено дека лицето треба да биде повикано пред судот во првите 24 часа и судијата треба да одлучи за ограничувањето на слободата. Ова укажува дека оваа постапка е итна.

[6] „Службен весник на Република Макеонија“ бр.64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.45/25, ЗМПЗ чл.63-67;
[7] Ibid, чл.64, ст.1;
[8] Устав на Република Северна Македонија, чл.12;

Исто така, ЗМПЗ укажува дека постапката за ограничување на слободата на движење треба да биде итна притоа внимавајќи на сензитивноста и можноста за прекршување на основните човекови права.[9]

Алтернативите на задржувањето треба да бидат земени во предвид, посебно што ЗМПЗ содржи членови со кои таквите алтернативи се ставаат на располагање за барателите на азил со ограничена слобода на движење.

[9] „Службен весник на Република Макеонија“ бр.64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.45/25, чл.65, ст.4;

## ГЛАВНИ ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

Согласно истакнато во овој извештај, добиени се неколку главни заклучоци и препораки, кои треба да бидат земени предвид, при планирање одредени промени. Истакнатите информации, факти и бројки треба да се земат како насока, со цел да остварат импакт во потеницјалните планирања за измени и во постапките за градење на идни политики.

**Главни заклучоци:**

- Постои тренд на значително намалување од 47% во бројот на задржани лица во Прифатниот центар за странци во 2024 година (289), земено во споредба со 2023 година (549);
- Лицата во движење како сведоци во кривичната постапка против криумчарите се задржуваат за многу краток период за разлика од претходните години;
- Соработката помеѓу Frontex и Република Северна Македонија влијаеше на вкупните бројки, трендовите, а најмногу врз задржувањето во транзитните центри;
- Воспоставена е нова практика, каде лицата во движење поретко се задржуваат во ТЦ Табановце, а воопшто не се задржуваат во ТЦ Винојуг;
- 43% од вкупниот број на поднесени барања за признавање на правото на меѓународна заштита во Република Северна Македонија, се поднесени во Прифатниот центар за странци;
- Од декември 2024 година, донесен е став од раководното тело на Прифатниот центар за странци, дека во центарот нема веќе да бидат задржувани непридружувани малолетници, чие присуство е потребно заради давање исказ во кривична постапка;
- Задржаните лица немаат пристап до правна помош и правно советување за правото на азил и немаат пристап до азил, сè додека не дадат исказ пред јавен обвинител, во случаи кога задржувањето е имплицирано од потребата на нивните искази како сведоци во кривични постапки;
- Задржаните лица немаат пристап до правна помош и правно советување во однос на самото задржување, освен ако тие самите не ангажираат адвокат.

**Препораки:**

- Ефективна правна помош и можноста за соодветно оспорување на законитоста на одлуките за задржување е многу важно и придонесува за заштитата на правата на задржаните лица;
- Обезбедување на присуство на сведоци во кривични постапки против криумчарите преку нивно задржување е противзаконско. Соодветни алтернативи треба да бидат на располагање за овие лица;
- Задржувањето на деца не треба да се применува и треба да постојат алтернативи за задржување на деца;
- Одложувањето на постапката за поднесување на барање за признавање на правото на азил поради давање на изјава пред надлежен Јавен обвинител е практика која што треба да се промени во иднина со цел спречување на ограничување на основите човекови права на овие лица;

Македонско здружение на млади правници (MYLA) е независна, професионална и непрофитна организација која обезбедува правна помош и застапување за заштита на човековите права.

МЗМП е организација која во Република Северна Македонија обезбедува бесплатна правна помош и застапување на баратели на азил, бегалци, лица без државјанство и други лица од интерес во постапките поврзани со азил, законски престој и други социјални права.

**Контакт:** Ул. Донбас 14/1-6, Скопје
**Телефонски број:** +389 2 3220 870
**Email:** contact@myla.org.mk
**Web page:** www.myla.org.mk